**20110110239**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 20 став (1) точка в) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010 и 171/2010), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 24.1.2011 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА МАКСИМАЛНИОТ ПРОЦЕНТ ОД ГЛАВНИНАТА НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ЗА ЗАЕМИ, КРЕДИТИ И ОБВРЗНИЦИ

Член 1

Друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови може да ги користи своите средства за склучување договори за заеми и кредити, како и да издаде обврзници, во вкупна вредност која не надминува 2% од главнината.

Член 2

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за максималниот процент од капиталот на друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови кој може да се користи за склучување на договори за заеми и кредити и издавање на обврзници („Службен весник на Република Македонија” бр. 138/2008).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-119/6
28 јануари 2011 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска,** с.р.